Собранието на Македонското лекарско друштво - професионално здружение од областа на здравството, основано на ден 12.08.1945 година за унапредување на медицинската и сродни науки, зачувување и унапредување на достоинството и угледот на лекарската професија и заштита на интересите на лекарите, врз основа на член 18 од Законот за здруженија и фондации 2010 („Сл.весник на РМ” бр.52/2010), на седницата одржана на ден ________________ година го донесе следниов:

# С Т А Т У Т

**на**

**МАКЕДОНСКОТО ЛЕКАРСКО ДРУШТВО**

(Пречистен текст)

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој Статут се уредуваат називот, седиштето, дејноста и задачите на Македонското лекраско друштво (во натамошниот текст: МЛД), правата и обврските на членовите на МЛД, организацијата и управувањето, начинот на обезбедување средства за работа и други прашања значајни за работа на МЛД.

### Член 2

МЛД е стручно, доброволно, непрофитно, невладино, непартиско здружение на граѓани, формирано со слободно здружување на докторите по медицина (во натамошниот текст: лекари).

Членувањето во МЛД е чест и морална обврска на лекарите кои живеат во Република Македонија.

### Член 3

МЛД е организирано како функционална целина на единствена стручна поврзаност со подрачните специјалистичките, супспецијалистичките и интердисциплинарните здруженија.

### Член 4

МЛД дејствува на територијата на РМ а своите цели, задачи и дејности ќе ги остварува во согласност со Уставот на Република Македонија, со Законите на Република Македонија и во согласност со овој Статут.

### Член 5

МЛД има својство на правно лице со права, обврски и одговорности кои произлегуваат од овој Статут и законските прописи.

Името на МЛД е Македонско лекарско друштво.

Седиштето на МЛД е во Скопје, ул. Даме Груев бр.3.

Печатот на МЛД е тркалезен (со пречник 3,5см) во средината го има Ескулаповиот знак, а наоколу стои текстот: Македонско лекарско друштво.

**Член 6**

Дејствувањето на МЛД е јавно.

Јавноста во работењето се обезбедува со редовно известување на членовите, други здруженија или пошироката јавност за работењето и активностите на МЛД.

Информирањето и меѓусебното комуницирање на членството се остварува преку одржување на собранија на МЛД, состаноци на подрачните и специјалистичките здруженија, преку Македонскиот медицински преглед и други публикации и соопштенија. Информирањето и комуницирањето со пошироката јавност се остварува преку печатот и другите средства за јавно инфромирање и преку Веб страницата на МЛД.

## II. ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

**Член 7**

Основни цели и задачи на МЛД се унапредување на медицинската и сродните науки. МЛД е основен двигател на континуираната медицинска едукација (КМЕ) и континуираниот професионален развој (КПР) и се грижи за зачувување и унапредување на честа, достоинството, угледот и интересите на лекараската професија, како и заштита на правата на своите членови. МЛД се занимава со стручни прашања и учествува во организирањето и спроведување на континуираната медицинска едукација (КМЕ) и континуираниот професионален развој (КПР) на своето членство. МЛД врши издавачка дејност и други дејности во согласност со позитивните законски прописи. МЛД соработува со разни стручни, научни, културни и други сродни организации и асоцијации. МЛД соработува и се зачленува во разни стручни медицински и други меѓународни организации со заеднички интереси, цели и задачи согласно позитивните законски прописи. МЛД го следи развојот на здравството и медицинските науки во Република Македонија и се грижи за нивен развој. Во рамките на тоа покренува иницијатива и дава сугестии за системско решавање на прашањата од областа на медицинските науки и здравството. МЛД континуирано го унапредува стручното знаење на своето членство и ја негува и развива лекарската етика.

**Член 8**

Македонското лекарско друштво:

-дава мислења и експертиза за донесување на закони и одлуки за орагнизација на здравствената заштита и на здравствената служба, како и мислења за останатите јавно здравствени проблеми;

-води грижа за унапредување на оптшествената положба на лекарите во Република Македонија како и се грижи за заштита на лекарите односно за членовите на МЛД во сите случаи на неправедни и незаконски постапки према нив;

-се грижи за унапредување на здравствената состојба на населението и заштита на човековата околина;

-ја усогласува, поттикнува и насочува работата на своето членство, како и работата на подрачните здруженија и специјалистичките здруженија;

-активноста на здруженијата се елвалуира според заедничките основни и дополнителни критериуми;

-ја остварува програмата на МЛД;

-се грижи за планско стручно усовршување на членството и за организирање конгреси, симпозиуми, стручни состаноци и други форми на работа;

-се грижи за остварување на правата и обврските на членството што произлегуваат од овој Статут;

-соработува со Министерството за здравство, Медицинскиот факултет, Лекарската комора на Македонија (како четири основни столба) и со други државни органи, невладини организации и сродни институции преку активно вклучување на свои претставници

-се ангажира, учествува и е носител на кампањи-програми во промовирање на иницијативи за заштита на здравјето на населението, вакцинации, заразни болести, HIV/AIDS, хипертензија, дијабетис, обезитас, пушење, алкохолизам, здрав начин на живеење и др.;

-ги поттикнува и поддржува научно исаражувачките активности;

-се грижи и го следи развојот на здравството и на медицинските науки и соработува со научни и високообразовни институции;

-соработува во планирањето на дипломските и постдипломските студии на лекарите

-издава медицинско списание Македонски медицински преглед, Лекарски весник и други списанија;

-ја негува и ја промовира етиката на лекарската професија преку својот Етички комитет, Кодексот на медицинската деонтологија на Македонија и Етичкиот кодекс на Светското здружение на лекарите а за етиката во медицинската пракса оставрува соработка со релевантните тела на Лекарската комора на Македонија и Медицинскиот факултет;

-соработуваа со Светското здружение на лекарите, Европскиот форум на лекарските Асоцијации и Светската здравствена организација, со Форумот на лекарските асоцијации на Југоисточна Европа, со асоцијацијата на специјалисти по медицина на ЕУ и други сродни професионални асоцијации;

-остварува билатерална соработка со други лекарски здруженија во Европа и пошироко и

-води евиденција за своето членство и издава членски легитимации.

## III. ЧЛЕНСТВО

### 1. Редовни членови

### Член 9

Редовен член на МЛД може да стане секој лекар, државјанин на Република Македонија кој со потпишувањето на пристапница ќе изрази желба за членување во МЛД, го прифати Статутот и Одлуките на МЛД и редовно плаќа членарина.

На секој примен член му се изадава легитимација.

МЛД води евиденција за своите членови во електронска форма или на друг соодветен начин. Евиденцијата содржи податоци за лицето – име и презиме, образование, академска титула, дата на раѓање, дата на пристапување во МЛД, вид на членство и дата на престанок на членството.

## 2. Придружни членови

### Член 10

Придружни членови можат да бидат високо образовни кадри од професии поврзани со медицината (биолози, физичари, хемичари и др.), кои можат да учествуваат во работата на МЛД, но не можат да бидат бирани на раководни функции на МЛД. Услов за станување придружен член е потпишување на пристапница за членување во МЛД, прифаќање на овој Статут и редовно плаќање на членарината.

Придружните членови добиваат легитимација за придружен член на МЛД.

## 3. Почесни членови

### Член 11

Почесен член на МЛД може да стане секој лекар, научен и просветен работник и други граѓани на Република Македонија како и странски државјанин кој придонел за развојот на медицинската струка и наука и за здравственото воспитување на граѓаните, или на друг начин дал придонес во работата на МЛД.

Почесните членови ги избира Собранието на МЛД на предлог на Управниот одбор.

## 4. Добротвори (донатори) на МЛД

### Член 12

Добротвор на МЛД може да стане секој граѓанин на Република Македонија или странски државјанин, кој на МЛД ќе му завешта подвижен имот, неподвижен имот или финансиски средства.

Одлука за станување добротвор на МЛД донесува Собранието на предлог на Управниот одбор.

## 5. Права и должности на членовите на МЛД

### Член 13

Права и должности на членот се:

- да се придржува на начелото на медицинската етика и со својата работа да не го нарушува угледот на МЛД и лекарската професија;
- да го развива и усовршува своето знаење;
- да ги објавува своите трудови во публикациите на МЛД;
-да учествува во работата и да се вклучува во сите форми на дејноста на МЛД;
-да избира и да биде избран во органите на МЛД;
-да ги ужива сите погодности што ги обезбедува МЛД;
-да учествува или да присуствува на сите стручни манифестации организирани од МЛД;
-можност за стручно усовршување, континуираната медицинска едукација (КМЕ) и континуираниот професионален развој (КПР) во рамките на работата на стручните здруженија (стручни состаноци, работилници, симпозиуми, конгреси, школи и други

форми на стручно усовршувсње, електронски начин на едукација со бенифицирани котизации;

-можност за здобивање на бодови за верификација, лиценцирање и релиценцирање;

-можност за бенифицирани котизации и селектиран пристап до веб страната на МЛД -можност за користење на салата за одржување на стручни состанци во просториите на МЛД и соодветна опрема;

-учество во финансиско водење  на разните активности на здруженијата на МЛД (состаноци, конгреси, симпозиуми, школи и друго);

-можност за конкурирање за награди и признанија на Македонското лекарско друштво;

-можност за конкурирање за членство во Академијата на медицински науки на МЛД

-права на користење на Веб страната, прирачник по етика за лекари, фармакотерапевтски прирачник, клинички упатства засновани на медицина базирана на докази, современа дијагностика и терапија во медицината 2000 и друго. Упатство за организирање на КМЕ и КПР формулари за пријава на активности, како и информации за планирани стручни активности во земјата и странство и други стручни и општествени информации;

-бесплатна правна помош по однос на заштита на правата на лекарите;

-обврска да го прифати Статутот на МЛД, да потпише пристапница, редовно да ја плаќа членарината и да ги почитува одлуките на МЛД - да се грижи со своето однесување да придонесува за чување на угледот и достоинството на лекарската професија, сопствениот и на МЛД придржувајќи се кон Кодексот на медицинската деонтологија на лекарите на Македонија и Светската лекарска асоцијација (СЛА).

### 6. Престанување на членството

**Член 14**

Членството во МЛД  престанува:

- со писмена изјава на членот дека истапува,
- со исклучување од членството по одлука на Етичко-правниот одбор
- поради неплаќање членарина последователно во тек на 12 месеци а по претходна писмена опомена и
- со смрт на членот.

## IV. ОРГАНИЗАЦИЈА НА МЛД

**Член 15**

Целите и задачите МЛД ги остварува низ следните организациони облици на дејствување, подрачни здруженија, специјалистички здруженија, супспецијалистички здруженија и интердисциплинарни здруженија.

### 1. Подрачни здруженија

**Член 16**

Заради остварување посебни стручни, научни, културни и други интереси, најмалку 30 членови од подрачјето на една или повеќе општини можат да формираат подрачни здруженија.

Подрачните здруженија се формираат со одржување на основачко собрание.

По одржувањето на основачкото собрание се доставува целокупната потребна документација (Записник од основачко собрание, список на членовите на подрачното здружение со докумети за евиденција, Правилник за работа на подрачното здружение, Одлука за избор на органи и доказ за платена членарина за секој член) до Управниот одбор на МЛД кој дава согласност по потреба и по извршените консултации со соодветни стручни тела.

Основањето или укинувањето на подрачните здруженија го потврдува Собранието.

Член на подрачното здружение не може да биде оној кој не е член на МЛД.

Печатот на подрачните здруженија е идентичен со печатот на МЛД и со наведување на седиштето, а со текст Македонско лекарско друштво – Лекарско здружение за Битола, Охрид, Струмица. . . . . и сл.

**Член 17**

Висината на членарината на подрачното здружение за нивните потреби ја утврдува Собранието на подрачното здружение.

Финансиските средства за подрачните здруженија се обезбедуваат откако ќе бидат измирени обврските кон МЛД ( дел од членарината што останува) и други средства ( спонзорства, донации и др.).

**Член 18**

Работата на подрачните здруженија се утврдува со посбни правилници за нивната работа, во согласност со овој Статут. Правилникот за работа на подрачното здружение го донесува членството на здружението на своја седница, а го потврдува Собранието на МЛД.

## 2. Специјалистички, суспецијалистички и интердисциплинарни здруженија

**Член 19**

Поради остварување на целите и задачите на МЛД, во рамките на МЛД, членовите кои работат во исти или сродни гранки на медицинските струки можат да формираат специјалистички здруженија, суспецијалистички здруженија и интердисциплинарни здруженија.

Во здруженијата од став 1 на овој член членовите на МЛД по одделни специјалности и активности се здружуваат, со цел за што подобра стручна работа и едукација на членството во одделните гранки на медицината или интердисциплинарните дејности.

**Член 20**

Член на специјалистичкото, суспецијалистичкото и интердисциплинарно здружение не може да биде лекар кој не е член на МЛД.

По исклучок од став 1 на овој член, придружен член на специјалистичкото здружение може да биде лице што не е лекар, доколку повеќе години соработувал со лекарите на проблеми што се предмет на стручниот интерес на специјалситичкото здружение.

Придружните членови на здруженијата ги имаат сите права како и другите членови освен учество во изборите и на лекарска легитимација на МЛД.

**Член 21**

Барање за формирање ново специјалистичко, супспецијалистичко и интердисциплинарно здружение поднесуваат најмалку 20 членови на МЛД, кои во својата секојдневна работа делувале во областа од која се формира здружението или сродните медицински гранки.

Формирањето на ново здружение го одобрува Управниот одбор, по потреба по претходна расправа на соодветна стручна комисија или етичко правен одбор.

Формирањето на ново специјалистичко, супспецијалистичко и интердисциплинарно здружение по предлог на УО го потврдува Собранието на МЛД.

**Член 22**

Заради поуспешно вршење на своите задачи специјалистичките, супспецијалистичките и интердисциплинарните здруженија можат да формираат свои секции или групи со потесен специјален интерес, што поблиску се регулира во правилникот за работа на здружението.

Секции може да се формираат во рамките на постоечките соодветни Здруженија доколку нема доволен број членови за формирање на ново Здружение.

Правилникот за работа на здружението го донесуваат неговите членови на Собреанието на Здружението, а во согласност со овој Статут.

**Член 23**

Здружението има ист печат како и МЛД со посебна ознака на здружението за што добиваат писмена согласност од УО на МЛД.

Седиштето на здружението го утврдува членството на здружението на изборен општ собир.

Здруженијата одржуваат секоја година општ собир, а на секои 4 години општ изборен собир. Годишниот општ собир на здруженијата го прифаќа извештајот на Управниот одбор на здружението.

**Член 24**

Здруженијата донесуваат свои правилници кои мораат да бидат во согласност со статутот на МЛД. Правилникот се чува во Архивата на МЛД, како и списокот на членовите со личните податоци. ( адреса, е-маил, телефон и др)

Управниот одбор на друштвото ги поддржува здруженијата во нивната работа и им помага при извршувањето на задачите.

Управниот одбор на МЛД непосредно или преку свои тела по потреба ја усогласува работата на здруженијата.

Работата на здруженијата ја раководи неговиот Управен одбор, чиј состав и работење се утврдува со Правилникот за здружението.

**Член 25**

Здруженијата се должни за своите активности, стручни и други состаноци, од областа на КМЕ и КПР како и своите состаноци благовремено да го известуваат УО на МЛД и годишно писмено да поднесуваат извештај за својата работа и план за идната година, а тековно за сите позначајни настани и активности.

Секоја година здруженијата на УО на МЛД му го доствувуваат Извештајот за стручното работење во претходната година и планот за работа во наредната година.

Извештаите и програмите за работа на здруженијата се составен дел на годишниот извештај и планот за работа за следната година на МЛД.

**Член 26**

Материјалните средства на здруженијата се:

- членарината што здружението ќе ја определи на своето Собрание за својата работа;
- приходи од приредби, публикации и слично;
- наменски средства што ги одобрува Управниот одбор на МЛД;
- доброволни и други прилози;
- здружението може да определи собирање на посебни придонеси од своите членови;
- непрофитно стопанска дејност и друго.

**Член 27**

Собраната членарина и други приходи на здружението од член 26 од овој Статут се уплатуваат на жиро сметката на МЛД и се водат на посебна сметка во книговодството како средства на здружението.

**Член 28**

Средствата од член 27 на овој Статут здружението ги користи самостојно. Здружението не може да создава обврски над расположивите средства.

**Член 29**

Здружења се должни да водат евиденција на своите членови како и евиденција за платена членарина на своите членови и за тоа се должни секоја година да го известат Управниот одбор на МЛД.

**Член 30**

Специјалистичото здружение престанува да работи:

- ако го крши Статутот на МЛД;
- кога бројот на членовите ќе се намали под 15 члена;

- кога Етичко правниот одбор ќе утврди дека здружението не работи, иницира пред Управниот одбор на МЛД да му предложи на Собранието укинување на здружението;

- ако тоа го побара самото здружение и

- ако здружението се здружи со друго здружение.

Материјалните средства на здружението што престанува да постои преминуваат во МЛД, односно во новонастанатото здржение ако дошло до здружување на две здруженија

## V. ОРГАНИ НА МЛД

### Член 31

Органи на МЛД се:

-Собрание

-Управен одбор

-Надзорен одбор

-Етичко-правен одбор

-Едукативен центар

-Совет на МЛД и

-Акаденија на медицински науки (АМА)

Мандатниот период на органите на МЛД е 4 години.

Никој не може да биде избран едно по друго повеќе од два пати во еден ист орган на МЛД, ниту истовремено да биде член во ист орган во МЛД и ЛКМ.

За својата работа сите органи на МЛД се одговорни пред Собранието.

### 1. Собрание

### Член 32

Собранието е највисок орган на МЛД.

Се состанува еднаш годишно.

Собранието го свикува Претседателот на МЛД. Собранието го сочинуваат претставници од подрачните здруженија и од специјалистичките здруженија, по еден претставник од секое здружение.

Собранието на МЛД полноважно одлучува ако се присутни најмалку половина од претставниците на подрачните и специјалистичките здруженија кои се активни.

Вонредно собрание може да свика Управниот одбор по сопствена иницијатива или по барање на најмалку 1/3 од здруженијата.

### Член 33

Управниот одбор, најмалку 30 дена пред почетокот, го најавува собранието со предлог на дневен ред и писмено ги известува подрачните и специјалистичките здруженија. На Годишното собрание на МЛД може да учеатвува секој член на МЛД.

Право на одлучување имаат активните претставниците на подрачните и специјалистичките здруженија. Одлуките на Собранието на МЛД се важечки доколку за нив гласало мнозинството од присутните претставници. Собранието има кворум доколку се присутни повеќе од половината од избраните претставници.

За промените на Статутот и за распуштање на МЛД одлучува Собранието со 2/3 мнозинство од претставниците. Ако раководството на МЛД се повлече или му е изгласана недоверба, Управниот одбор на МЛД свикува вонредно изборно собрание.

Членовите на Собранието во секое време треба да ги имаат целите и интересите на МЛД над поединечните или посебните цели на која и да е друга страна.

**Член 34**

Собранието:

- донесува Статут и други општи акти на МЛД и врши измени и дополнувања на Статутот;
- ги разгледува и решава по извештаите на Управниот одбор и неговите тела;
- ги прифаќа извештаите на Надзорниот одбор, Етичко-правниот одбор и Едукативниот центар;
- избира и разрешува органи на МЛД;
- избира почесни членови и добротвори на МЛД;
- расправа и донесува програма за работа на МЛД за идниот период;
- го задолжува Управниот одбор за спроведување на донесените одлуки;
- ја потврдува и усвојува завршната сметка и донесува финансиски план;
- одлучува за распуштање на МЛД;
- одлучува по предлозите на претставниците или предлозите што ги дава Управниот одбор на МЛД;
- решава за формирање или укинување подрачни и специјалистички здруженија;
- одлучува по жалбите на своите членови;
- врши и други работи кои се утврдени со одребите од овој Статут или други акти на МЛД;
- избира Претседател на МЛД;
- донесува одлуки, заклучоци, препораки за решавање на прашања од интерес на МЛД;
- одлучува за престанок на МЛД со двотретинско мнозинство.

**Член 35**

Изборите се спроведуваат на Изборно Собрание.

Изборно Собрание се одржува секоја четврта година.

Изборите се со тајно гласање, а предлагањето е јавно.

Собранието го утврдува Дневниот ред, избира работно претседателство, верификациона комисија, записничар и двајца заверувачи на записникот и комисија за заклучоци и жалби.

Управниот одбор именува Кандидациона комисија која започнува со спроведување на кандидационата постапка најмалку 30 дена пред изборите. Собранието ја разгледува листата на кандидатите.

Изборите ги спроведува Изборната комисија што ја именува Собранието.

Начинот и постапката за спроведување на изборите за органите на МЛД се уредува со правилник.

Поради континуитет една третина од претходниот состав на УО може да продолжи во наредниот состав.

## 2. Управен одбор

### Член 36

Управниот одбор е извршен орган на МЛД.
Управниот одбор го сочинуваат:
-претседател;
-два потпретседатели;
-генерален секретар и
-7 члена
Во работата на Управниот одбор може да земат учество без право на одлучување:
-претседателот на Надзорниот одбор;
-претставник на Академијата на медицински науки при МЛД;
-претседателот на Едукативниот центар;
-претседателот на Етичко-правниот одбор;
-претставник на Лекарската комора;
-главниот и одговорен уредник на ММП.
Управниот одбор одлучува со мнозинство гласови од сите членови.

### Член 37

Управниот одбор го свикува пртседателот или еден од потпретседателите во негово отсуство. Управниот одбор се состанува по потреба, но најмалку еднаш месечно. За секоја седница се води записник, кој го потпишуваат записничар и генерален секретар. На секоја седница се проверува спроведувањето на одлуките од претходната седница.

### Член 38

Задачи на Управниот одбор се:

- ги извршува одлуките на Собранието;
- ја води и организира работата на МЛД помеѓу две собранија;
- именува постојани и повремени комисии;
- избира Издавачки совет, и претседател на Издавачкиот совет;
- избира Редакцики одбор на ММП и негов преседател;
- ја поттикнува, ја следи и координира работата на подрачните здруженија;
- ја следи и поттикнува работата на подрачните и специјалистичките здруженија;
- се грижи за финансиското работење;
- именува делегати во Лекарската комора и во други организации;
- управува со имотот на МЛД;
- подготвува предлози за Собранието и предлага дневен ред;
- расправа за предлозите за почесни членови, добротвори и други награди на МЛД;
- ги разгледува правилниците на подрачните, специјалистичките, супспецијалистичките и интердисциплинарни и доколку се во согласност со Статутот на МЛД ги одбрува; и
- одлучува за износот на годишната членарина.

### Член 39

Претседателот на МЛД:
- го застапува и претставува МЛД;
-ги свикува и води седниците на Управниот одбор, Собранието на МЛД и други собири;
-се грижи за спроведување на донесените одлуки;
-ги потпишува документите и писмената кореспонденција;
-финанасиските документи ги потпишува доколку се претходно парафирани од страна на раководителот на финансиската служба;
-одговорен е за обезбедување јавност во работата на МЛД.
-има право на месечна репрезенатиција во висина која ќе ја определи Управиот одбор на МЛД;
-склучува договори и превзема други правни работи во име и за сметка на МЛД.

**Член 40**

Потпретседателите на МЛД го заменуваат отсутниот претседател и ги извршуваат задачите што ќе им ги довери претседателот.

**Член 41**

Генералниот секретар на МЛД:
-подготвува материјали за седниците на Управниот одбор и се грижи за спроведување на одлуките;
-ги уредува тековните административни работи;
-составува извештаи за Собранието;
-ги проверува и потпишува записниците од седниците и состаноците на Управниот одбор;
-извршува посебни задолженија по налог на претседателот на Управниот одбор;
-се грижи за редовно прибирање на членарината и други средства за функционирање на МЛД; и
- со помош на Стручната служба води евиденција на членови на МЛД во посебен Регистер кој е составен дел од овој Статут а се ажурира секоја година на Годишното Собрание.

**Член 42**

Заради проучување на одделни прашања и подготвување предлози Управниот одбор формира постојани и повремени комисии.

Постојани комисии се организациона комисија, комисија за меѓународна соработка, комисија за награди и признанија и комисија за обезбедување на финансиски средства за работа на МЛД.

Работата и задачите на постојаните комисии се утврдуваат со правилници што ги донесува Управниот одбор.

Составот и задачите на комисиите ги утврдува Управниот одбор и ги именува и разрешува.

**3. Надзорен одбор**

**Член 43**

Надзорниот  Одбор го сочинуваат претседател и два члена што ги избира Собранието. Негова задача е да ги прегледува и да врши надзор врз финансиското и материјалното работење на МЛД, а за тоа поднесува Извештај на Собранието. Согласно со правилникот за работа, Надзорниот одбор на Собранието може да му предложи разрешување на Управниот одбор на МЛД. Надзорниот одбор ја следи и работата на сите други органи на МЛД. Важечки одлуки донесува ако се присутни сите три члена и ако за одлуката гласале барем 2 члена.

Претседателот на Надзорниот одрор, по правило зема учество во работата на Управниот одбор на МЛД.

## 4. Етичко-правен одбор

**Член 44**

Етичко-правниот одбор разгледува прашања што се однесуваат на примената на Статутот и на други акти на МЛД; во случаите кога членовите на МЛД се однесувале спротивно на Статутот на МЛД;. Кодексот на медицинската деонтологија на лекарите на Македонија и правилниците на МЛД и насоките на Светското здружение на лекарите; му предлага на Управниот одбор да поведува постапка и превземе соодветни мерки. Исто врши и други работи во врска со прашања од етичко-правна природа.

**Член 45**

Етичко-правниот одбор се грижи за негување и промовирање на лекарската етика и продлабочено и поинтензивно изучување на лекарската етика и дисеминација на истите меѓу студентите и лекарите (преку организирање работилници, семинари, самоедукација и други форми на работа).

Ги подготвува и организира состаноците на Етичкиот форум.

## Етичкиот форум

**Член 46**

Етичкиот форум е тело на МЛД кое се занимава пошироко со етичките импликации на сите прашања кои се однесуваат на лекарската професија и нивниот однос кон јавноста и државата.

Составот на Етичкиот форум го сочинуваат афирмирани личности, експерти од разни области, лекари, правници, филозофи, етичари, теолози и други.

**Член 47**

Етичко-правниот одбор го сочинуваат пртседател и 4 членови што ги избира собранието за време од 4 години. Членови на овој одбор не можат да бидат членовите на Управниот одбор и на Надзорниот одбор на МЛД.

Работата на Етичко правниот одбор се уредува со правилник.

### 5. Едукативен центар

**Член 48**

Едукативен центар е тело на МЛД, кое го формира Управниот одбор чија задача е спроведување континуирана медицинска едукација (КМЕ) и континуиран професионален развој (КПР), подготовки, организирање, спроведување, мониторирање и евалуација на КМЕ и КПР.

Составот на Едукативниот центар го сочинуваат 10-12 афирмирани лекари од разни специјалности.

Работата на Едукативниот центар се уредува со правилник.

### 6. Совет на МЛД

**Член 49**

Советот на МЛД е советодавно тело на МЛД, составено од поранешни претседатели на МЛД, претседатели на Надзорнит одбор и други поранешни високи функционери на МЛД.

Советот на МЛД се свикува по потреба и дава мислења по круцијални прашања од интерес на МЛД.

### 7. Академија на медицинските науки(АМН)

**Член 50**

Академијата на медицински науки (АМН), како орган при МЛД, ја формира Собранието на МЛД со цел за развој и поттикнување на медицинската струка, наука и научно-истражувачка работа, здравствената како и други дејности и задачи на МЛД кои се од трајна вредност за унапредување на здравствената заштита и здравјето на народот.

За членови на АНМ можат да се бираат афирмирани членови на МЛД, кои со својата долгогодишна стручна и научна дејност во МЛД и пошироко дале значителен придонес во создавањето трајни вредности за развој и унапредување на медицинската наука и здравствената дејност, како и работата и афирмацијата на МЛД.

Управниот одбор на МЛД по предлог на координативното тело ги утврдува критериумите за составот и за начинот и постапката за изборот на првите членови на АМН.

АМН, по конституирањето, донесува правилник со кој се утврдуваат целите, задачите, членството, правата и должностите, организацијата, органите и други работи во согласност со Стаутот на МЛД.

Управниот одбор на МЛД врши верификација на Правилникот од став 4 од овој член, доколку е во согласност со Статутот на МЛД.

## МЕЃУНАРОДНИ ОДНОСИ

**Член 50А**

Собранието на МЛД избира едно лице задолжено за меѓународни односи .

Мандатот на лицето одговорно за меѓународни односи е 4 години со право на реизбор.

Управниот одбор со посебен Правилник ги утврдува правата, обврските и насоките на дејствување на лицето одговорно за меѓународни односи.

За својата работа лицето одговорно за меѓународни односи поднесува Извештај до Управниот одбор кога тоа ќе го побара Управниот одбор, а најмалку еднаш годишно.

## VI. ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ НА МЛД

### Член 51

МЛД издава свое стручно-научно списание Македонски медицински преглед (ММП).

Задачите на ММП како главна медицинска ревија на МЛД се стручни, научни и стратешки. Задачите и начинот на работа на ММП се уредуваат со правилник.

Правилникот на ММП го донесува Собранието на МЛД, на предлог на Издавачкиот совет на ММП.

### Член 52

Списанието ММП го раководат и се грижат за негово редовно излегување Издавачкиот совет и Редацискиот одбор.

Издавачкиот совет го сочинуваат Претседателот на издавачкиот совет и 13 членови.

### Член 53

Редацискиот одбор го сочинуваат:

-главен и одговорен уредник,

-два секретара и

-9 членови

Главниот и одговорен уредник го предлага Редацискиот одбор од редот на своите членови а го именува УО на МЛД.

## VII. СТРУЧНА СЛУЖБА

### Член 54

Стручната служба на МЛД ја сочинуваат администартивен, стручен и помошен персонал. Со стручната служба раководи Управниот одбор на МЛД односно еден член на Управниот одбор кој за тоа ќе биде овластен.

МЛД има Регистер на членови кој го контролира Генералниот секретар со помош на стручната служба.

### Член 55

Платите и другите права и должности на вработените во Стручната служба на МЛД се уредуваат со акти на МЛД во согласност со закон, Колективен договор за здравствените работници и други прописи.

## VIII. МАТЕРИЈАЛНО-ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ НА МЛД

### Член 56

Сметководството на Друштвото води одделно материјално - финансиско работење за МЛД, за поединечни здруженија, за ММП и АМН.

Приходи на МЛД се:

- членарина на МЛД, што ја утврдува Управниот одбор на МЛД;
- порачки, продавања на лекарски уверенија;
- средства што ги доделуваат државните органи, осигурителните и други установи;
- огласи, подароци, завештанија и други наменски средства и
- приходи од непрофитни стопански дејности.

Финансискиот план и завршната сметка за секоја година ги подготвува сметководството на МЛД, а ги усвојува Надзорниот одбор и Управниот одбор на МЛД а потоа и Собранието на МЛД.

Материјално-финанасикото работење на МЛД се врши во согласност на законските прописи и Правилникот за матријално-финансиско работење на МЛД.

## IX. ИМОТ НА МЛД

### Член 57

Имотот на Друштвото се состои од подвижен и неподвижен имот, пари и други имотни права.

За имотот на МЛД се грижат Собранието, Управниот одбор и Стручната служба на МЛД.

- МЛД обезбедува материјани средства за постоење и работа:
- со членарина што ја утврдува Управниот одбор на МЛД;
- со печатење на лекарски уверенија;
- со доход од приредби, курсеви, публикации и слично;
- со доброволни придонеси, подароци и завештанија;
- приходи од непрофитна стопанска дејност и
- други приходи во согласност со законот.

## X. ПРИЗНАНИЈА НА МЛД

### Член 58

МЛД на предлог на Комисијата за награди и признанија, доделува признанија за постигнатите резултати во струката, во здравството и за работата во МЛД.

Условите за стекнувања признанија, нивната цел и другите услови за добивање на секое признание се уредува со посебен правилник.

Комисијата за награди ја формира Управниот одбор од афирмирани членови на МЛД кои не се членови на Управниот одбор.

## XI. ПРЕСТАНОК НА МЛД

**Член 59**

МЛД престанува да постои:

- Кога ќе се утврди дека МЛД престанало да работи;
- Кога за тоа одлучуваат членовите и
- Кога бројот на членовите се намали под бројот определен за негово основање.

Одлука за престанок на Здружението донесува Собранието со двотретинско мнозинство од вкупниот број на претставници.

Во случај на престанок на работата на МЛД, имотот и другите права и приходи што остануваат по намирувањето на обврските, преминуваат во сопственост на наследникот на МЛД.

## XII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 60**

Измени и дополнување на овој Статут се вршат по иста постапка како и за неговото донесување.

**Член 61**

Во рок од една година од денот на влегување во сила на овој Статут ќе се усогласат сите општи акти на МЛД со одредбите од овој Статут.

**Член 62**

Со влегување во сила на овој Статут престанува да важи Статутот на Македонското лекарско друштво донесен на ден 29.11.2007 година

**Член 63**

Овој Статут влегува во сила од денот на неговото донесување.

**Претседател**